# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 23 Јуни 2017 година Скопје Бр.8 Год. XII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за доделување на финансиски средства на „ФК Македонија - Ѓорче Петров 1932“ ..........стр.2
2. Одлука за ко-финансирање на проектот "Запознајте ги убавините на руралниот туризам во Скопскиот регион"..........стр.4


Јуни 2017 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за доделување на финансиски средства на ФК Македонија**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на ФК Македонија, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 23.06.2017 година.

**Број 09-1860/1**
**од 23.06.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2016 година број 08-3758/4 од 22.12.2016 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/2016), Советот на Општина Ѓорче Петров на 67-тата Седница одржана на ден 23.06.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на ФК Македонија**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932“, се доделува износ од 492.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за котизација за учество во втора македонска фудбалска лига.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на „Фудбалска Федерација на Македонија“, на жиро сметка број 300000000159760, Комерцијална Банка а.д.-Скопје, со назнака котизација за учество во втора македонска фудбалска лига 2017/2018 година на ФК Македонија – Ѓорче Петров 1932.

**Член 3**

Ова Одлука стапува во сила осум дена од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1778/3**
**од 23.06.2017 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за ко-финансирање на проектот "Запознајте ги убавините на руралниот туризам во Скопскиот регион"**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот "Запознајте ги убавините на руралниот туризам во Скопскиот регион", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесет и седмата седница на Советот, одржана на ден 23.06.2017 година.

**Број 09-1860/2**
**од 23.06.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – -(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 67-тата Седница одржана на ден 23.06.2017 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За ко-финансирање на проектот "Запознајте ги убавините на руралниот туризам во Скопскиот регион"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува проектот и негово ко-финансирање "Запознајте ги убавините на руралниот туризам во Скопскиот регион" за обележување со вертикална сигнализација на постојна рекреативна пешачка патекаво должина од од околу 9400 метри и обележување со вертикална и хоризонтална сигнализација на велосипедска патека во должина од околи 4500 метри и поставување на летниковци, канти за смет, огласни табли, патокази и клупи.

**Член 2**

Проектот " Запознајте ги убавините на руралниот туризам во Скопскиот регион ", се одобрува за ко-финансирање со цел аплпицирање од страна на Центарот за развој на Скопски палански регион и општината на повикот подржан од Светска банка за проектот „Проект за локална и регионална конкурентност“, спроведен од Влада на Р.М.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Светска Банка, со 7% од вкупната негова вредност, односно 223.274,00 денари, каде 55% или 122.800,00 денари паричен и 45% или 100.474,00 денари непаричен износ.

За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година бр.08-3758/3, донесен од Советот на 12.12.2016 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1778/4**
**Од 23.06.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**